

Врз основа на член 60 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 година)

**ООУ „Илинден“ - Крива Паланка**

# СООПШТЕНИЕ

**за запишување на ученици во прво одделение**
**во учебната 2024/2025 година**

Ве известуваме дека во текот на месец мај 2024 година, ООУ „Илинден“ ќе започне со запишување на ученици во прво одделение за учебната 2024/2025 година.

Во прво одделение на основното училиште родителот, односно старателот е должен да го запише детето кое до крајот на 2024 година ќе наполни шест години.

Со исклучок, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари 2025 година, по претходно барање на родителот, односно старателот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето.

## Потребни документи за запишување во прво одделение:

- Лична карта од родителот (на увид);
- Извод од матична книга на родени (копија);
- Потврда за примени задолжителни вакцини издадена од надлежна здравствена установа (оддел за вакцинации);
- Потврда од извршен стоматолошки преглед издадена од стоматологот одговорен за училиштето
- Потврда од извршен офталмолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа;
- Присуство на еден од родителите;
- При запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

Запишувањето ќе се врши во просториите на училиштето секој работен ден во текот на месец мај од 10 до 14 часот.

11.04.2024година Директор

**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

